ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП



СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

штип, 2016

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

-СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ-

зборник на трудови

2016, ШТИП

ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

-состојби, предизвици и перспективи-

2016, Штип

MUNICIPALITY OF STIP

COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP

FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES

CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

2016, STIP

Издава
НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

За издавачот
Милена Ристова-Михајловска

Организационен одбор
Снежана Мирасчиева–претседател

Членови
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јовче Арсов, Соња Николова, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Вања Џамбазова Николовска, Јане Миланов, Маја Ашкилова, Јордан Митков, Ирена Китанова, Верица Јосимовска, Оливер Цацков

главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

уредник
Соња Петровска

уредувачки одбор
Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Биједиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова (Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

јазична редакција на македонски јазик
Весна Ристова

лектура на англиски јазик
Снежана Кирова

дизајн на корица
Никола Смилков

техничка поддршка
Верица Јосимовска

печати
Полиестердеј -исток, Штип
Тираж 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(082)

СОВРЕМЕНОТО воспитание и образование : состојби, предизвици и перспективи : зборник на трудови / [главен и одговорен уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип : НУ Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2016. - стр.148 : илустр.53; 30 см

На наспор. насл. стр.: Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-242-037-0
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр.
а) Образование - Зборници
COBISS.MK-ID 102297098

СОДРЖИНА

Предговор.....10

1. Марина Алексовска, Виолета Стошевска, Лидија Николовска – Георгиевска
Растеме заедно
Marina Aleksovska, Violeta Stosevska, Lidija Nikolovska-Georgievska
We grow together.....11

2. Билјана Ефтимова Бошкова, Деспина Сивевска
Природната околина како средина за учење на децата од предучилишна возраст
Biljana Eftimova Boskova, Despina Sivevska
Natural environment as a learning environment of preschool children.....13

3. Емилија Петрова Ѓорѓева
Карактеристики на современото училиште во контекст на воспитната компонента
Emilija Petrova Gjorgjeva
Characteristics of modern school in the context of the educational component.....19

4. Валентина Петрушева
Естетското – важен аспект на современото образование и воспитание
Valentina Petruseva
Aesthetic – an important aspect of the contemporary education and upbringing 22

5. Габриела Димова
Здравствената едукација на родителите - тенденција на образованието денес
Gabriela Dimova
Health education of parents - tendency of education today 26

6. Снежана Јованова-Митковска
Техники на учење во високошколската настава
Snezana Jovanova- Mitkovska
Technique of learning at the academic teaching……..……..... 30

7. Снежана Мирасчиева
Современа настава за современо образование
Snezana Mirascieva
Modern teaching for modern education ..……..…….....……... 35

8. Верица Јосимовска
Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание
Verica Josimovska
The presence of intercultural values in system contemporary education……..... 38

9. Милена Ристова-Михајловска
Жанрот полемики во старата писмена традиција и неговата актуелност во современиот образовен процес
Milena Ristova-Mihajlovska
The genre polemics in the old written tradition and its relevance in the modern educational process …….....……..... 41

10. Павлина Николовска, Нада Ѓоргова, Влатко Николовски

Специфични развојни потешкотии кај децата како проблем во современото образование
Pavlina Nikolovska, Nada Gjorgova, Vlatko Nikolovski
Specific developmentaldisorders in children as a problem in modern education……..... 49

11. Славица Танева Анева
Инклузијата во образованието, позитивните и негативните страни од аспект на општеството со посебен осврт на ученици со аутизам
Slavica Taneva Aneva
Inclusion in education, advantages and disadvantages with respect of society with special reference to students with autism ...……..……..... 55

12. Даниела Коцева
Меѓуетничките односи во образовниот систем
Daniela Koceva
Interethnic relations in the educational system……..... 58

13. Стојко Стојков
Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта
Stojko Stojkov
The study of Macedonian national history in Bulgarian schools ……..……. 63

14. Снежана Јованова-Митковска
Социометриски истражувања-потреба, значење
Snezana Jovanoa-Mitkovska
Sociometric research - necessity, importance ..……...……..... 67

15. Елена Мирасчиева
Методот на демонстрација во индивидуалната настава по флејта
Elena Mirascieva
Method of demonstration in individual teaching of fluite ……...…… 73

16. Оливер Цацков
Учењето по пат на откривање незаменлива компонента во наставата по историја
Oliver Cackov
Learning by exploring - irreplaceable component in the teaching of history……..... 76

17. Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
Интернационалниот карактер на народните пословици и поговорки
Dragana Kuzmanovska, Snezana Kirova, Biljana Ivanova
International character of sayings and proverbs ……..... 79

18. Марија Тодорова, Татјана Уланска
Рано изучување на странски јазик
Marija Todorova, Tatjana Ulanska
Early language acquisition 83

19. Лилјана Макаријоска, Жаклина Ѓорѓиоска
Кон реализацијата на областа дијалектологија во гимназиското образование
Liljana Makarijoska, Zaklina Gjorgjioska
Towards the implementation of the area of dialectology in high school education …...…… 87

20. Деспина Сивевска
Средствата за масовна комуникација и слободното време на децата и младите
Despina Sivevska
Means of mass communication and leisure time of children and youth……..... 92

21. Киро Јорданов
Градиме мостови преку МИО активности
Kiro Jordanov
Building bridges through MIE's activities 97

22. Веска Влахова
Педагошкиот пристап во образовниот процес на субјектот – наставник во корелација со субјектот ученик
Veska Vlahova
Pedagogical approach in the educational process of the subject – teacher in relation to the subject – student ……..... 105

23. Билјана Алексова Даневска
Техники за градење на самодоверба кај децата во ран детски развој од одделенска настава во наставата по англиски јазик
Biljana Aleksova Danevska
Techniques for building confidence in children in early child development in lower grades in teaching english language ……...……. 109

24. Киро Јорданов, Драгица Петрова, Загорка Чапова
Дигитална зависност кај учениците
Kiro Jordanov, Dragica Petrova, Zagorka Chapova
Digital addiction of students …….……. 115

25. Славица Стојанова, Трајче Стојанов
Образованието како место за изградба на добар граѓанин
Slavica Stojanova, Trajce Stojanov
Education as a place for building a good citizen 124

26. Снежана Ставрева Веселинова, Трајче Стојанов
Од екоетика до екосвест
Snezana Stavreva Veselinova, Trajce Stojanov
From eco-ethics to eco-awareness 128

27. Снежана Мојсоска, Данче Николовска Вратеовска
Економскиот раст и знаењето за банкарските наспроти пазарните финансиски системи
Snezana Mojsoska, Danche Nikolovska Vrateovska
The economic growth and the knowledge about banking versus market financial systems ...…….....……..... 131

28. Слаѓана Костадиновска, Данче Николовска Вратеовска, Миле Вратеовски
Функциите на менаџментот на човечки ресурси и банкарските институции
Slagjana Kostadinovska, Danche Nikolovska Vrateovska, Mile Vrateovski
Functions of the management of human resources and the banking institutions……..... 136

29. Данче Николовска Вратеовска
Наученото од глобалната економска криза (2008) за силните и слабите страни на финансискиот систем и макроекономската стабилност во македонија
Dance Nikolovska Vrateovska
The learned of the global economic crisis (2008) about the strenghts and the weaknesses of the financial system and macroeconomic stability in Macedonia……..... 140

30. Данче Николовска Вратеовска
Детерминантите на инфлацијата низ различните макроекономски школи
Dance Nikolovska Vrateovska
Detreminants of the inflation through the various macroeconomic schools 145

- Пржуљ, Ж. (2002). *Менаџмент људских ресура,* Институт развоја малих и средних предузеча, Београд
- Kaufman, B. E. *(2008). Managing the Human Factor: The Early Years of Human Resource Management in American Industry.* Ithaca, New York: Cornell University Press

УДК 336.71(497.7):338.124.4(100)]:303.72„2008“
330.366(497.7)):338.124.4(100)]:303.72„2008“
(прегледен труд)

НАУЧЕНОТО ОД ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА (2008) ЗА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ НА ФИНАНСИСКИОТ СИСТЕМ И МАКРОЕКОНОМСКАТА СТАБИЛНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

Данче Николовска Вратеовска
Совет на општина Штип

Апстракт*: Финансискиот систем како потсистем на глобалниот економски систем и воопшто на општествениот систем, има есенцијална улога во ефикасното функционирање на секоја економија. Овој труд, користејќи ги историскиот метод, методот на синтеза, анализа, индукција, дедукција квантификациониот и компаративниот научен метод, има за цел да ги нотира силните и слабите страни на финансиските институции во Р. Македонија, не само при налетите на глобалната економска криза (2008), туку и како основен императив за понатамошен економски раст и развој.*

Клучни зборови*: глобален економски систем, финансиски институции, економски раст и развој*.

WHAT WE LEARNED FROM THE GLOBAL ECONOMIC CRISIS (2008) ABOUT THE STRENGHTS AND WEAKNESSES OF THE FINANCIAL SYSTEM AND MACROECONOMIC STABILITY IN MACEDONIA

Danche Nikolovska Vrateovska
Local Government-Shtip

***Abstract**: The financial system as a subsystem of the global economic system and social system in general has an essential role in the efficient functioning of any economy. This paper, using the historical method, the methods of synthesis, analysis, induction, deduction, quantification and the comparative scientific method, aims at noting the strengths and weaknesses of financial institutions in Macedonia, not only in attacks of the global economic crisis (2008) but also as a fundamental imperative for further economic growth and development.*
***Keywords**: global economic system, financial institutions, economic growth and development*

Вовед

Успешноста од ефикасното функционирање на финансиските институции во рамки на финансискиот систем, влијае врз животниот стандард и благосостојбата на секој поединец во општеството. Финансиските институции се тие што ги колективираат заштедите кај луѓето и ги алоцираат кај економските агенти кои имаат профитабилни инвестициони можности, при тоа зголемувајќи го производниот капацитет на економијата. Финансиските институции исто така овозможуваат економските агенти да ја одложат својата тековна потрошувачка во идна (стимулирајќи ги нивните заштеди), а од друга страна и истовремено, дозволуваат потрошувачите да трошат над нивото на нивниот расположлив доход (преку кредитните пласмани). Ефикасното функционирање на финансискиот систем и финансиските институции и нивното ефектуирање на економии од обем како и на пониски оперативни (информациони и трансакциони) трошоци на финансискиот пазар, обезбедува забрзан економски раст. И спротивно, неправилното функционирање на финансиските институции и финансиксиот ситем како нивно опкружување, повлекува недоволна мобилизација на финансиски средства, пад на потрошувачката, пад на производството, недоволна искористеност на расположливите ресурси, пад на вработеноста и намален животен стандард (Николовска Вратеовска, 2011).

Структура и карактеристики на финансиските институции во Р. Македонија

Структура и карактеристики на финансиските институции во Рпублика Македонија е табеларно претставена во табела број 1.

Табела бр. 1: Структира на финансискиот систем во Р. Македонија 2009-2012

вид на финансиски институции	вкупни средства (милиони денари)				структура во %				број на институции			
	200	201	201	201	200	201	201	201	200	201	201	201
депозитни	*271.825*	*308.276*	*334.339*	*355.713*	*89,8%*	*89,9%*	*89,3%*	*89,2%*	*28*	*26*	*25*	*23*
банки	*268.543*	*305.290*	*331.176*	*355.713*	*88,7%*	*89,0%*	*88,5%*	*88,5%*	*18*	*18*	*17*	*16*
штедилници	*3.283*	*2.986*	*3,163*	*2.827*	*1,1%*	*0,9%*	*0,8%*	*0,7%*	*10*	*8*	*8*	*7*
недепозитни	*30.821*	*34.586*	*40.058*	*43.118*	*10,2%*	*10,1%*	*10,7%*	*10,8%*	*76*	*74*	*98*	*104*

друштва за управување со приватни фондови	друштва за управвање со инвестиц иски фондови	инвестиц иски фондови	брокерск и куќи	друштва за управување со пензиски фондови	- доброво лни	- задолжит елни	пензиски фондови	лизинг друштва	друштва за застапув ање во осигурув ање	осигурит елни брокески друштва	друштва за осигурув ање
	40	*152*	*754*	*333*	*6*	*8.746*	*8.752*	*8.588*			*12.202*
	26	*170*	*468*	*401*	*44*	*12.449*	*12.494*	*8.509*			*12.518*
	16	*257*	*411*	*452*	*112*	*16.019*	*16.131*	*9.278*			*12.934*
	14	*329*	*310*	*508*	*191*	*21124*	*21.315*	*6.952*			*13.067*
0,02%	*0,0%*	*0,1%*	*0,2%*	*0,1%*	*0,0%*	*2,9%*	*2,9%*	*2,8%*			*4,0%*
0,00%	*0,0%*	*0,0%*	*0,1%*	*0,!%*	*0,0%*	*3,6%*	*3,6%*	*2,5%*			*3,7%*
	0,0%	*0,1%*	*0,15*	*0,1%*	*0,0%*	*4,3%*	*4,3%*	*2,5%*			*3,5%*
	0.003%	*0.1%*	*0.1%*	*0.1%*	*0.05%*	*5.3%*	*5.3%*	*1.7%*			*3.3%*
	5	*8*	*18*	*2*	*2*	*2*	*4*	*9*	*5*	*12*	*13*
	4	*6*	*14*	*2*	*2*	*2*	*4*	*10*	*6*	*14*	*14*
8	*4*	*8*	*12*	*2*	*2*	*4*	*4*	*10*	*5*	*15*	*15*
6	*4*	*9*	*10*	*2*	*2*	*4*	*4*	*10*	*10*	*20*	*15*

вкупно	302.646	342.862	374.397	398.831	100,0%	100,0%	100,0%	100.0%	104	100	123	127

(Извор: НБРМ, Извештаи за финансиска стабилност во Р. Македонија (2009-012), НБРМ, обработка на авторот)

Од податоците во погоре поместената табела е евидентно дека банките со учество од 88,7% во вкупната финансиска актива во 2009 година и 88,5% во 2012 година се доминантни финансиски институции во Македонија. Во однос на овие бројки, учеството на недепозитните финансиски институции во вкупната финансиска актива изнесува 10,2% во 2009 година и 10,8% во 2012 година. Релативната неразвиеност, плиткост и недоволна интегрираност на финансискиот систем во Македонија беа најголема заштита при налетите на глобалната економска криза. Имајќи ја предвид доминацијата и улогата на банкарскиот систем како подсистем на финансискиот систем, подвлекуваме дека *конзервативноста на банките* како класични кредитно-депозитарни институции, *одсуството на сложени финансиски инструменти* во нивните портфолија и *невпуштањето во водите на инвестиционото банкарство* беа силни одбрамбени стожери од кризата во финансискиот систем (Николовска Вратеовска, 2015). *Високата стапка на адекватност на капиталот* во износ од 16,4% (во 2009 година), наспроти потребниот минимум во БАЗЕЛ од 8%, *високиот износ на ликвидноста во банките* и направените стрес тестови од страна на тимот на ММФ и Светска банка говорат дека банките се спремни да ги покријат загубите во случај на некои шокови а во профилот на ризиците доминира кредитниот ризик. Општа оценка е дека со Законот за банки од 2007 година е направен голем исчекор напред во *јакнењето на регулативата и супервизорските политики*, процедури и практики а во насока на нивно усогласување со базелските принципи.

Силните страни на банкарскиот сектор во Р. Македонија при одбраната од глобалната економска криза

Отпорноста на банкарскиот систем во транзиционите економии се должи на нивната структурна нерзазвиеност и релативно малата задолженост а македонските банки се карактеристичен пример за тоа (Петковски, 2009):

- Кредитната пенетрација на македонските банки изнесуваше околу 36% од БДП на крајот на 2007 година, наспроти 132% од БДП во развиените земји и 71% во брзорастечките економии.
- Македонскиот банкарски деловен модел е доста конзервативен, што значи дека кредитната експанзија е главно финансирана од депозитите а помалку преку меѓународните кредитни линии и од домашниот меѓубанкарски пазар. Коефициентот кредити/депозити изнесува околу 88% кај нас, што е многу пониско од 135% во развиените земји, но повеќе од Азија каде што изнесува 80%.
- Во Македонија не се случи бум на цените на недвижностите, каков што беше забележан за САД и во други развиени земји па дури и во регионот на Централна и Источна Европа. Хипотекарните кредити изнесуваат само 3% од БДП споредбено со над 10% во некои транзициони економии (Чешка, Унгарија), 59% во развениот свет и 14% во Азија.
- Нашиот банкарски систем е доволно капитализиран, што го прави отпорен на различни видови шокови. Коефициентот на адекватност на капиталот од 17% во 2007 година е повисок од сите транзициони економии, членки на ЕУ.

Заклучно со 30.06.2010 година, сите банки во Р. Македонија беа усогласени со новите капитални стандарди воведени со Базел 3, чијшто краен рок за меѓународна примена е 2019 година. Сите банки имаат адекватност на капиталот над 10,5%. Дури шест банки имаат стапки на адекватност на капиталот над 30%.

Потенцијалните ризици и идни предизвици на банките во Р. Македонија

Во делот на ризиците на кои би требало да внимаваат банките во транзиционите економии се *учеството на странската сопственост* кај домашните банки и можноста за *прелевање на турбуленциите од банките мајки* кај домашните банки. Странските банки поседуваа од 60% до 90 %

од активата на банкарските системи во Централна и Источна Европа. Вториот ризик се однесува на контракцијата во реланиот сектор што индиректно повлекува *ризик за неисплаќање* на веќе пласираните кредити и намалување на кредитната способност на економските агенти или *индиректен кредитен ризик*. Како слаби страни на македонскиот банкарски систем ќе ги наведеме:

- Доминантната сопственост на странски банки: 11 од вкупно 18 банки имаат странски гнезда а 86% од вкупната актива на сите банки е во странска сопственост (што може да значи и поголема изложеност на овие институции на екстерните шокови кај матичните земји).
- Над 70% од капиталот и депозитите на македонските банки се чуваат во странски банки (Швајцарија, Германија, Австрија и др.). Во случај на системска криза во европскиот банкарски систем, тогаш депозитите на нашите банки во странските банки нема да имаат привилегиран статус.
- Речиси 96% од активностите на нашите банки се потпираат на домашни депозити а само 3-4% се финасираат преку странски кредитни линии. При исполнување на сценариото „навала на банките" и нагло повлекување на депозитите од страна на штедачите, би дошло до состојба на несолвентност или банкрот на банките. Сепак, за да се намали можноста за ваква појава, постои Фондот за осигурување на депозити.
- Ликвидносен ризик: може да произлезе од концентрацијата на депозитите – процентот на долгорочно орочени депозити од 88% во 2009 година порасна на 91,4% во 2012 година.
- Тренд на пораст на екстерното банкарско финансирање: од 2010 година па наваму со кредитни линии од странство (12% обврски и 10, 7% средства во вкупниот биланс во 2012 година).
- Голема изложеност на банките на индиректниот кредитен ризик, валутниот и каматниот ризик.

Заклучок

Нискиот степен на меѓусекторската интеграција и ограничената вкрстена сопственост помеѓу одделни финансиски сегменти се едни од главните карактеристики на финансискиот сектор на Република Македонија. Доминантноста на бакарскиот сектор, едноставната пазарна структура и отсуството на сложени финансиски групации, ја минимизираа можноста за нарушување на стабилноста на одделните сегменти како последица од прелевање на ризиците со кои тие се соочуваат. Небанкарските финансиски институции во земјава во 2010 година учествуваа со 10,1% во вкупната финансиска актива (со исклучок на штедилниците како депозитни интермедијатори), додека нивното процентуалното учество во БДП за истата година изнесува 8,1% што се индикатори кои што го потврдуваат скромното влијание на овие институции за целокупната економија. Специфично за овој институционален сегмент е што дава силен придонес за продлабочувањето и развивањето на финансиксите пазари преку создавањето и лиферувањето на широк спектар на нови финансиски инструменти и зголемување на конкурентноста во секторот, учествува во поттикнување на штедењето, концентрација и ефикасна алокација на капиталот, развој на соодветна регулатива, развој и креирање нови финансиски институции, зголемување на информираноста или со еден збор, развој на целокупната финансиска инфраструктура и економија. Токму затоа, императив повеќе за секоја економија е да обезбеди услови и механизми коишто ќе го поттикнат развојот на небанкарските финансиски инстиуции во сопствената економија.

Литература

- Николовска Вратеовска, Д. (2015). *Влијанието на финансиксите институции врз макроекоекономската и финансиската стабилност во случајот на Р. Македонија*, НУУБ „Гоце Делчев" Штип, 2015
- Николовска Вратеовска, Д. (2011). *Финансискиот систем и глобалната економска криза (2008)*, магистерски труд, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2011
- НБРМ. *Извештаи за финансиска стабилност во Р. Македонија (2009-2012*), НБРМ
- Петковски, М. (2009). „Глобалната финансиска криза во 2008 година-причини и последици" посветен на академик Ксенте Богоев, *Зборникот на трудови на МАНУ,* МАНУ, април, 2009